Бесплатен примерок

февруари, 2019

# Скопје
гласило



# ФЕСТИВАЛ НА СВЕТЛИНАТА
# МАГИЈА ШТО ПЛЕНИ

6 стр.
Градот Скопје и граѓаните – заедно во борбата против загадувањето

10стр.
Нови 14,6 километри велопатеки изградени во Скопје

16 стр.
Градиме општество без дискриминација, со еднакви права и можности за сите

18 стр.
„Винтерленд“ и „Парни валјак“ - совршена комбинација за пречек на Новата година

## НИЗА МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО КОИ УЧАТ СРЕДНОШКОЛЦИТЕ


Реконструирана фасадата на СУГС „Орце Николов“

# ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХ И ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ФАСАДИ ЗА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА



Сите средни училишта на Град Скопје на почетокот на годинава добија прочистувачи на воздух. Во 23 училишта, во секоја училница, Градот Скопје постави вкупно 572 прочистувачи на воздух и за вкупно 21.783 средношколци овозможи почист воздух и поздрава животна средина. Ова е само една од мерките што во изминатиов период ги спроведе Градот Скопје за да се подобрат условите во кои учат средношколците.

- Учениците ќе поминуваат барем една третина од денот во простории со прочистен воздух, што е особено важно во деновите со зголемено загадување. Вредноста на прочистувачите е околу 11 милиони денари. Наша должност е да се грижиме за здравјето и квалитетот на живеењето на нашите сограѓани, а децата се наша иднина и нивното здравје е наш приоритет – вели градоначалникот Шилегов.

Градот Скопје е единствената единица на локална самоуправа која обезбеди прочистувачи за воздух за секое свое училиште.

Значајно е да се нагласи дека во текот на 2018 година Градот Скопје ги реконструира објектите на 19 средни училишта. Од нив, 11 училишта добија енергетски ефикасни фасади, а во преостанатите беше извршена санација на санитарните јазли, на подовите, вратите, електриката и греењето, онаму каде што беше потребно. За овие интервенции Градот од Буџетот издвои 60 милиони денари.

- Од септември 2018 година сите ученици од средните училишта на Град Скопје добија бесплатен автобуски превоз. Односно, покрај 20.000 ученици кои добиваа бесплатни билети, од почетокот на оваа учебна година, бројот е зголемен за дополнителни 2.000 ученици. Исто така, Градот Скопје почна и со адаптација на училиштата за лицата со телесна попреченост. Од летниот период до-

сега, направени се тоалети за лица со посебни потреби во осум средни училишта, и тоа во „Панче Караѓозов", „Јосип Броз-Тито", „Зеф Љуш Марку", „Ѓорѓи Димитров", „Кочо Рацин", „Боро Петрушевски", „Лазар Танев" и „Браќа Миладиновци". Покрај тоалетите, во секое училиште каде што постоеше соодветен простор, се обележаа паркинг-места за лица со посебни потреби. Адаптацијата на училиштата се одвива развојно, така што и во преостанатите училишта се работи на процедурите за адаптација на пристапноста – објаснува Шилегов.

За прв пат во 2018 година Град Скопје додели 100 стипендии на ученици-спортисти од градските средни училишта во висина од 24.000 денари, а за годинава се планирани 105 стипендии за талентираните средношколци.

Пред средните училишта „Јосип Броз-Тито", „Панче Караѓозов", „Здравко Цветковски, „Марија Кири-Склодовска" и „Боро Петрушевски" Градот Скопје постави дигитални мерачи на брзина, за да се зголеми безбедноста во сообраќајот и да се намали бројот на сообраќајни незгоди. Дигиталните мерачи се донација од компанијата „Сава осигурување".

Градот Скопје во 2018 година, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија и УНДП работно ангажираше 17 образовни асистенти во девет средни училишта кои работат со учениците со посебни образовни потреби. Овие асистенти се припадници на некоја од социјално ранливите групи, вклучително и приматели на социјална помош.



Енергетски ефикасна фасада и за СУГС „Никола Карев"




Паркинг-место за лица со посебни потреби пред СУГС „Јосип Броз-Тито"



Одлични резултати постигнаа најдобрите спортски екипи на средните училишта од Скопје, кои на почетокот на октомври минатата година се натпреваруваа со нивните врсници од збратимениот град Нирнберг, Германија. Средношколските тимови од Скопје беа поуспешни во натпреварувањата, постигнувајќи генерален резултат од 6 победи и 1 пораз. Тие се натпреваруваа во кошарка, ракомет, одбојка и во футсал.

Натпреварите на најдобрите спортски екипи од средните училишта од Скопје во Нирнберг се продолжение на праксата за организирање вакви натпреварувања. Изминатите години се организираа гостувања во Истанбул, Ниш, Загреб, Љубљана, Софија и во Белград.

**ИНТЕРВЈУ:** МИРОСЛАВ БОГДАНОВСКИ,
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ

# ПРИОРИТЕТ НА ИНСПЕКТОРАТОТ Е СКОПЈЕ ДА ГО СИМНЕМЕ ОД ЛИСТАТА НАЈЗАГАДЕНИ ГРАДОВИ



Инспекторатот на Град Скопје периодов има полни раце работа. Се прават засилени контроли на инсталациите што се во надлежност на Град Скопје во сезоната со зголемено загадување на воздухот, се воведува ред на јавните површини, се подига нивото на јавната хигиена. За новините во работењето на градскиот инспекторат, за постигнатите резултати и за идните планови за дејствување во ова интервју разговараме со Мирослав Богдановски, раководител на Секторот Инспекторат на Град Скопје.

**Изминаа шест месеци од вашето доаѓање на позицијата раководител на Секторот Инспекторат на Град Скопје. Најавивте реформи на градскиот инспекторат, негова транспарентност и достапност до граѓаните. Какви реформи спроведовте во оваа служба во изминатиов период, се зголеми ли бројот на инспектори?**

▶ Како прв човек на инспекторатот, со моето доаѓање пристапив кон измена на начинот на работење, воведовме работа во смени и поголема присутност на терен. Имаме и 24 часовни дежурства на бројот 193, на кој граѓаните можат во секое време да пријават загадувачи. Во однос на достапноста, граѓаните во секое време можат и преку телефонските броеви на сајтот www.skopje.gov.mk и фејсбук страницата „Инспекторат на град Скопје" да пријават секаква нерегуларност, а инспекторите по службена должност веднаш излегуваат на терен. Инспекторатот на Град Скопје е алатка на граѓаните преку која можат да ги остваруваат своите права и можат во секое време да се обратат за секаков податок и информација. Инспекторатот соработува на секојдневна основа и со новинарите, па медиумите можат во секое време да добијат информација. Во годината што е пред нас се планира зголемување на бројот на инспектори и нивно опремување, за подобро и поефикасно покривање на целата територија на градот. Моментално има само 4 инспектори за животна средина за цело Скопје.

**Во сезоната кога е актуелно загадувањето на воздухот велите дека градските инспектори се постојано на терен. Кои индустриски капацитети ги контролирате и што утврдија инспекторите на терен во однос на загадувањето досега? Колку казни се изречени и за каков прекршок?**

▶ Инспекторатот на Град Скопје е надлежен за инспекциски надзор на инсталациите кои поседуваат Б-Интегрирана еколошка дозвола на територија на град Скопје, какви што се вкупно 40 инсталации. Исто така, Инспекторатот има надлежност за инспекциски надзор над инсталациите кои поседуваат елаборат за заштита на животната средина, односно инсталации со производство од помал обем, кои се во надлежност на Град Скопје, вкупно 547 на број. Во текот на месец декември направени се вонредни контроли, при што кај 8 инсталации е повикана акредитирана лабораторија и се извршени вонредни мерења на концентрацијата на загадувачки супстанции и цврсти честички - вкупна прашина во отпадни гасови од стационарен емитер (оџак). Од добиените извештаи од акредитирана лабораторија кај 4 од правните субјекти е констатирано надминување на граничните вредности, особено кај јаглеродмоноксид, кој кај една од инсталациите е за дури

13 пати повисок од дозволеното. Во тек е процедура и сторителите ќе бидат санкционирани согласно со Законот за животна средина.

**Издвојте една позначајна акција што ја организираа градските инспектори последниов период во однос на прекршителите кон животната средина?**

▶ Една од позначајните акции на инспекторите е откривањето и лоцирањето на лицата кои вршат откуп на секаков вид отпад. Тука спаѓа и бакарот што е добиен со спалување кабли, како и секаков вид железо добиено од спалување разни предмети. Во периодот што следува инспекторатот ќе постапи согласно со Законот за управување со отпад и за прекршителите ќе следуваат кривични пријави.

**Најавивте воведување современи смарт алатки, како што се дроновите за зголемување на ефикасноста во вашата работа? До каде е оваа ваша активност?**

▶ Дроновите се смарт алатка која ја користат инспекторите за полесно и поефикасно лоцирање на изворите на загадување, како и нарушувањата на животната средина. Направивме неколку снимања со дрон на теренот, конкретно на „Вардариште" и имаме информации кои се од особено значење за инспекторите. Лоцирани се правни субјекти кои недозволено одложуваа градежен шут во огромни количества и тие се соодветно казнети. Во фаза на истражување сме, односно, се планира и набавка на камери што ќе се постават на највисоките точки (згради), за постојано набљудување на теренот и ќе се овозможи брза реакција на надлежните служби.

**Се зголеми ли ефективноста на комуналните редари по нивното опремување со GPS уреди? Колку казни изрекле редарите во изминатиов период и за каков прекршок?**

▶ Кај комуналните редари имаме големо зголемување на бројот на казните споредено со истиот период претходната година. Комуналните редари постапуваат по Законот за јавна чистота, се изрекуваат казни за палење на јавна површина, неправилно одлагање комунален смет, излегување на товарните возила од градилиштата со валкани тркала. Комуналните редари се една од основните алатки за контрола и превенција на хигиената во градот.

| Ред.бр. | Име на акт | Сеп. 2017 | Сеп. 2018 | Зголемување во % | Окт. 2017 | Окт. 2018 | Зголемување во % | Ное. 2017 | Ное. 2018 | Зголемување во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Записник за изврешена контрола при сторен прекршок | 89 | 132 | 48 | 68 | 137 | 101 | 139 | 153 | 10 |
| 2 | Мандатен платен налог (Казни) | 89 | 132 | 48 | 68 | 137 | 101 | 139 | 153 | 10 |
| 3 | Поднесени барања до извршител | 21 | 31 | 48 | 21 | 40 | 90 | 35 | 22 | -63 |
| 4 | Пратени за одработување на општо корисна работа | 70 | 93 | 33 | 45 | 113 | 151 | 105 | 121 | 15 |
| 5 | Опомени | 89 | 190 | 113 | 68 | 220 | 224 | 139 | 270 | 94 |

**Една од активностите на Инспекторатот на Град Скопје беше и справувањето со препродавачите на сезонска стока на јавните површини. Како го решавате овој проблем, колку акции спроведовте досега?**

▶ Во однос на продавањето сезонска стока на јавните површини Инспекторатот на град Скопје имаше полни раце работа. Имавме секојдневни акции и со опомени им се објаснуваше на продавачите каде смеат да ги продаваат своите производи. Доколку тоа не даваше плод, следуваа соодветни санкции. Имавме секојдневни јавувања од граѓани кои живеат во непосредна близина каде што овие производи се изложуваа со барање за нивна дислокација, бидејќи немањето елементарни хигиенски услови е закана за сите, особено за тие што ги конзумираат овие производи. Секојдневните контроли придонесоа за намалување на ваквата глетка во главниот град. На местата кои не се предвидени за продажба на ваков вид стока инспекторите и комуналните редари и во иднина ќе ја контролираат состојбата.

**Каква е соработката на градскиот инспекторат со другите државни институции во борбата против загадувањето? Со кои институции најдобро соработувате и на кое поле?**

▶ Како што напоменав, пробуваме да воспоставиме соработка со државните институции за заедничко решавање на проблемите. Имаме соработка со Министерството за внатрешни работи која треба да биде зголемена за да бидеме поефикасни како инспекторат. Исто така, со Министерството за труд и социјална работа соработуваме во однос на бездомните лица за нивно сместување и згрижување. Веќе работиме на згрижување на лицата кои се наоѓаат под Кале. Голем дел од нив се предизвикувачи на огнови, било да е за греење, било за горење кабли и друг отпад. Направени се координативни состаноци со повеќе скопски општини, каде што се договорени заеднички акции и поблиска соработка за полесно и поефикасно решавање на проблемите на граѓаните. Во секоја општина лоцирани се црни точки во однос на загадувањето и со меѓусебна координација се работи на нивно отстранување. Една од акциите е во општината Гази Баба каде што заедно со општинскиот инспекторат и ЈКП Гази Баба успеавме да заплениме над 1,2 тони гуми кои биле наменети за палење. Заедничките акции со општинските инспекторати продолжуваат и во иднина.

**Што ќе биде во фокусот на Инспекторатот на Град Скопје во наредниот период?**

▶ Прв и основен фокус на Инспекторатот е симнување на градот Скопје од листата на најзагадени градови. Нашата борба е Скопје воопшто да не фигурира на таа листа на загадени градови. И верувам дека со многу посветеност и труд ќе успееме ова да го направиме. Покрај тоа, фокус на Инспекторатот ќе биде и хигиената во главниот град. Зголемување на бројот на комунални инспектори, како и на комунални редари ќе придонесе за поголема контрола на целата територија на градот. Исто така, во фаза на изработка е и законот за Комунална полиција, алка која му недостига на градот за поефикасно справување со сите предизвици. За оваа цел соработуваме и црпиме искуства од градот Белград, кој веќе има ваква комунална полиција и се покажала како ефикасна. Работиме и на измена и дополнување на неколку закони за поефикасна нивна примена.

# ГРАДОТ СКОПЈЕ И ГРАЃАНИТЕ – ЗАЕДНО ВО БОРБАТА ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО

Инспекцискиот надзор, зазеленувањето, загревањето на домовите и транспортот се четирите сегменти на кои Градот Скопје посветено работеше во изминатиов период како дел од активностите за борба против загадувањето на воздухот. Градот Скопје во своите заложби за почист воздух и поздрава животна средина активно соработува со граѓаните и со граѓанските здруженија, како и со сите засегнати државни институции.

## ЗА ПОЕВТИНО И ПОЕФИКАСНО ЗАТОПЛУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА

Имајќи предвид дека голем процент од аерозагадувањето доаѓа од **затоплувањето на домаќинствата**, основањето на АД„Градски енергетски системи“ е најголемиот чекор напред што го презема Градот Скопје за долгорочно решавање на овој проблем. Со преземањето на топловодната мрежа за парно греење, како и со почнувањето на процесот на гасификација на Скопје, граѓаните ќе можат да добијат поевтин енергенс за затоплување дури и од огревното дрво, што на среден рок ќе резултира со значително намалување на загадувањето.
Градот Скопје го продолжува и субвенционирањето на набавката на печки на пелети, за да ги стимулира граѓаните да користат почисто гориво и поквалитетни печки за затоплување на своите домови - печки со повисока енергетска ефикасност и пониски емисии во воздухот. Во изминативе 14 месеци, во 3 акции, се доделени вкупно 572 субвенции за набавка на печки на пелети. Во тек






е нов јавен повик за доделување субвенции за набавка на печки на пелети, кој ќе трае до 30.11.2019 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства.
Градот Скопје од изминатава есен почна и со субвенционирање на чистењето оџаци во домаќинствата. Заради исклучително малиот број лиценцирани оџачари во градот, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување Градот Скопје реализираше две обуки за оџачари со цел да се зголеми бројот на стручни лица лиценцирани за вршење на оџачарска дејност во градот. Обучени се 15 нови оџачари.

## ЗАСИЛЕН ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР



Градот Скопје ги засили инспекциите на сите потенцијални фактори на загадување. Во секторот инспекторат е воведено сменско работење и дежурства. Ова предизвика двојно зголемување на казните и опомените и видливи резултати, значително подобрени во однос на претходните години. Во октомври 2018 година бројот на казните е двојно зголемен во однос на октомври 2017 година. Изречени се околу 220 казни, мандатни казни и налози до извршителите во однос на загадувањето на воздухот и




загадувањето на средината. Голем е и бројот на пријави на телефонскиот број 193 на кој се пријавуваат огновите на отворено, а на кој работи тим од социјален работник, пожарникар, полицаец и комунален инспектор кои излегуваат на самото место.

Според планот за работа на инспекторите за животна средина на Град Скопје, извршени се по две редовни контроли на сите 40 инсталации кои подлежат на Б–Интегрирана еколошка дозвола, за кои е надлежен Град Скопје. Контролите се интензивирани на градилиштата, со посебен акцент на централното градско подрачје. Се контролираат и другите поголеми градилишта во другите општини, како на територијата на Општина Аеродром каде што се сконцентрирани најголемиот број од градилиштата во моментов. Притоа се контролирани 51 градилиште и врачени се 8 казни и записници за миење на гумите, миење на улиците пред градилиштата и покривање на камионите кои излегуваат од градилиштата со церади.

За потребите на инспекторатот, со цел полесно да се откријат изворите на загадување, воведено е снимање на теренот со дрон.

## АЛТЕРНАТИВНИОТ ТРАНСПОРТ ВО ФОКУСОТ

Во врска со иницијативата на Град Скопје за воведување налепници за возилата согласно со степенот на загадување, Градот Скопје како институција го заврши својот дел од обврските. Обезбедени се средства за набавка на еко-автобуси на гас кои се очекува да пристигнат во Скопје кон крајот на оваа, а најдоцна на почетокот на идната година.

Градот Скопје стимулира одржливи форми на транспорт преку субвенционирање на купувањето велосипеди и електрични тротинети, обезбедување подобри услови за поголема употреба на електромобилите и стимулирање на комбинираниот транспорт преку комбинирање на велосипедскиот сообраќај со јавниот транспорт. Така, во 2018 година беа доделени 3.119 субвенции за граѓаните за набавка на велосипеди, како и 109 субвенции за набавка на електрични тротинети.

Изградбата и реконструкцијата на велосипедските патеки е еден од приоритетите на Град Скопје. Во последните 14 месеци, по доаѓањето на новата градска администрација, изградени се и реконструирани нови 14,6 километри велосипедски и пешачко-велосипедски патеки во вредност од 56,5 милиони денари.

Градот Скопје изминатава есен ја промовираше идејата за комбинирање на велосипедскиот и железничкиот сообраќај во иднина. Во периодот што следува Градот Скопје ќе се обиде да ги ревитализира постојните осум железнички станици во Скопје за тие да бидат подостапни до граѓаните, за во иднина да можат што помасовно да го користат овој начин на превоз.



## ПОДИГАМЕ НОВИ ПАРКОВИ, ГИ ОБНОВУВАМЕ ДРВОРЕДИТЕ



Градот Скопје работи и на обновување и заштита на постојните зелени површини во градот, како и на подигнување ново **зеленило**. За само една година се реконструирани рекордни 129.000 квадратни метри зеленило, а се засадени над 8.000 висококвалитетни повеќегодишни садници на повеќе локации во градот, при што акцент беше ставен на засадување нови дрвореди и на обновување на постојните.



Од оваа година Скопје е побогат за неколку нови паркови – подигнат е нов парк во Драчево, а обновени се Финскиот парк во Ченто и паркот кај Градежниот факултет. Во наредниот период ќе се уредува нова зелена површина кај објектот на Македонската филхармонија и во дворот на Министерството за култура, а во напредна фаза е и проектот за формирање зелен покрив на ГТЦ.

Градот Скопје во соработка со УНДП влезе во напредна фаза од реализацијата на проектот за Зелен катастар на јавните зелени површини во градот, во рамките на кој досега се попишани 65.844 дрвја и 28.395 грмушки во парковското и во булеварското зеленило. Овој проект е од исклучителна важност за управување со урбаното зеленило, минимизирање на непотребното сечење на дрвјата и уништување на зеленилото при планирањето и изведувањето на идните градежни активности во градот. Со помош на Шумарскиот факултет, пак, ќе се ослободат над 500 дрвја заробени со градежен материјал поставен при нестручно изведени градежни активности.



## ЗГОЛЕМЕН БУЏЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

За намалување на загадувањето на животната средина придонесуваат и многубројните акции за расчистување на дивите депонии, рачното миење на сообраќајниците, изведбата на нови енергетски ефикасни фасади на 11 средни училишта, воведувањето бесплатен автобуски превоз за сите средношколци, воведувањето бесплатни автобуски линии до Средно Водно за викендите и за празниците, расчистувањето на сообраќајниот метеж на Водно, ограничувањето на дотурот на стока во централното градско подрачје, поскапувањето на паркингот во центарот на градот и поставувањето нов филтер за инсенераторот за медицински отпад на депонијата „Дрисла".

Значајно е да се нагласи дека минатогодишниот буџет за животна средина на Град Скопје беше дотогаш најголемиот буџет издвоен за оваа намена. За 2019 година, пак, се предвидени 186,2 милиони денари што е 30% зголемување од минатата година, а со што се надминува ветувањето на О2 коалицијата и граѓанските здруженија пред изборите од 3,5% од вкупниот буџет посветен на животната средина дадено пред изборите во 2017 година.





## СКОПЈЕ КАНДИДАТ ЗА ЗЕЛЕНА ПРЕСТОЛНИНА НА ЕВРОПА

Европската комисија ја прифати кандидатурата на Град Скопје за престижното признание „Европска зелена престолнина" во 2021 година. Оваа награда го вреднува напредокот што ќе го постигне еден град во спроведувањето на зелените политики, односно напредокот во подобрувањето на животната средина.

Апликацијата на Градот Скопје содржи вовед и опширни одговори на прашања за постојната состојба со животната средина во градот, минатите активности во оваа област и плановите и чекорите што ќе ги преземе Град Скопје до 2021 година во 12 индикатори (показатели), и тоа: ублажување на климатските промени, приспособување на климатските промени, одржлива урбана мобилност, одржлива употреба на земјиштето, природа и биодиверзитет, квалитет на воздух, бучава, отпад, води, зелена површина и еко-иновација, енергетски перформанси и управување.

Во наредниот период Градот Скопје ќе биде предмет на евалуација од жири-комисија која ќе го вреднува напредокот на Скопје во сите области опфатени во апликацијата. Аплицирањето за оваа награда придонесе да се забрзаат активностите на Градот Скопје за почиста и поздрава животна средина, беа согледани реалните состојби и беше даден поттик да се подобрат работите.

# НОВИ 14,6 КИЛОМЕТРИ ВЕЛОПАТЕКИ ВО СКОПЈЕ



Велосипедска патека на улицата 11 Октомври

Во изминатите 14 месеци Градот Скопје изгради и реконструира 14,6 километри велосипедски и пешачко-велосипедски патеки во вредност од 56,5 милиони денари. По доаѓањето на новата градска администрација за прв пат се изградени велосипедски патеки на градските улици во општините Кисела Вода, Чаир, Бутел и Ѓорче Петров, а изградени се и нови велопатеки во Карпош, Центар и Гази Баба.

Во општината Кисела Вода се реконструирани вкупно 3,1 километар велосипедски патеки на делови од булеварот Борис Трајковски и на улицата 11.Октомври. Во општината Центар се реконструирани вкупно 2,4 километри велосипедски патеки на делови од булеварите Крсте Мисирков, Кочо Рацин, ВМРО и на улиците 11.Октомври и Свети Кирил и Методиј. Во општината Чаир се изградени вкупно 2,5 километри велосипедски патеки на делови од булеварите Христијан Тодоровски Карпош и Крсте Мисирков и на улиците Втора македонска бригада и Ферид Бајрам. Во општината Бутел се изградени вкупно 1,2 километри велосипедски патеки на делови од булеварот Христијан Тодоровски Карпош и на улицата Бутелска. Во општината Ѓорче Петров се изградени вкупно 3,3 километри велосипедски патеки на делови од булеварот Партизански одреди и на улицата Ѓорче Петров. Во општината Карпош се изградени вкупно 1,5 километри велосипедска патека на булеварот 8.Септември. Во општината Гази Баба се изградени 600 метри велосипедска патека на булеварот Киро Глигоров.

- Скопје требаше да биде велоград во 2017 година. За жал, до 2017 година беа изградени само 60% од планираната велосипедска мрежа. За една година успеавме да изградиме









дополнителни 20% со што се искачивме на 80% од мрежата потребна за поврзување на градот – вели портпаролот на Град Скопје, Ваљон Салиху.

За само една година е изградена и реконструирана 4 пати поголема должина на велосипедски патеки од просекот во претходните години.

- Лани тоа биле 12,5 километри, а во минатото просекот бил 3,1 километар. Во 2018 година се посветивме на градењето на т.н. конектори кои ги поврзуваат главните велосипедски рути во Скопје, а го споивме со велосипедски патеки и Големиот Ринг. Ги издвојуваме конекторите на булеварот 8.Септември кој спојува 4 паралелни велопатеки, како и конекторот на булеварот Киро Глигоров кој ги спојува Автокоманда и Аеродром – објаснува Никола Наумоски, раководител на Секторот за поддршка на градоначалникот.

Сите патеки се изведени во согласност со стандардите кои предвидуваат слеани рабници, заобиколување на автобуските станици, соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација и заштита со столпчиња.

- Во 2019 година планираме да го споиме и Малиот Ринг продолжувајќи да градиме и реконструираме велосипедски патеки во должина од над 16 километри. Можеме да најавиме дека за две години Скопје ќе биде велоград со развиена велосипедска мрежа што ќе ги поврзува сите населби во градот – вели Наумоски.



Конекторот на булеварот 8.Септември спојува четири велосипедски патеки



Новиот парк во Драчево

# РЕКОРДНИ 129.000 КВАДРАТИ ЗЕЛЕНИЛО ЗА ЕДНА ГОДИНА

За само една година екипите на Град Скопје реконструираа рекордни 129.000 квадратни метри зеленило и засадија над 8.000 висококвалитетни повеќегодишни садници на повеќе локации во градот. Акцент беше ставен на засадување нови дрвореди и на обновување на постојните. Од оваа година Скопје е побогат и за неколку нови паркови.

На просторот кај последната постојка на автобусот со број 41 во Драчево никна нов парк, на местото каде што до неодамна имаше дива депонија. На површина од околу 5.500 квадратни метри се засадени 200 висококвалитетни садници и е поставена нова хидрантска мрежа со прскалки, шахти и хидранти. Во паркот ќе се постават и нови клупи и корпи за отпадоци.

Финскиот парк во населбата Ченто е реконструиран и хортикултурно уреден на површина од околу 13.000 квадратни метри. Во паркот е подигнат нов тревник и за прв пат е поставена хидрантска мрежа со прскалки, шахти и хидранти.

Уреден е и паркот до Градежниот факултет, на булеварот Партизански одреди. Реконструирана е јавна зелена површина од 2.149 квадратни метри и е поставена хидрантска мрежа со хидранти, шахти и систем за полевање со прскалки.




## ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕТО ПРИОРИТЕТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Екипите на Град Скопје во наредниов период ќе работат на хортикултурно уредување на зелен плоштад на булеварот Гоце Делчев, на просторот зад Македонската филхармонија. Во овој дел, на површина од 7.300 квадратни метри ќе се постави хидрантска мрежа и ќе се засадат стотина висококвалитетни листопадни садници.

Со зеленило ќе се уреди и дворот на Министерството за култура. Зелената површина од 300 квадрати ќе ја разубават 20 висококвалитетни листопадни садници.

Зелен покрив наскоро ќе добие објектот на Градскиот трговски центар.

# ГРАЃАНИТЕ ПРАШУВААТ

**Кој е надлежен да ги контролира и санкционира угостителите кои со своите летни тераси ги узурпираат тротоарите и јавниот простор?**

- Градот Скопје е надлежен за самите постапки за добивање Одобрение за поставување урбана опрема. Дали субјектите се придржуваат до добиеното одобрение за димензиите и изгледот на поставената опрема, како и контролата за тоа дали воопшто поседуваат одобрение, надлежни се соодветните општински инспекции.

**Каде да пријавам неисечени стари и суви дрвја и гранки?**

- Градот Скопје е надлежен за издавање решенија за сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавна или дворна површина, а сечењето и кастрењето го вршат стручните екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.
Повеќе информации за самата постапка може да добиете во Секторот за комунални работи на Град Скопје на телефонскиот број 02/3297392 или по пат на електронска пошта на адресата Marija.Stojanovska@skopje.gov.mk

**Каде да пријавам проблем со кучиња скитници?**

- За проблеми со уличните кучиња треба да се обратите во Службата за хуман третман и контрола на бездомни животни при јавното претпријатие „Комунална хигиена“, кои се задолжени за заловување на уличните кучиња и нивен транспорт до стационарот „Вардариште“. За повеќе информации може да се обратите на телефонските броеви 02/5217171 и 02/3216644.

**Сакам да вдомам бездомно куче. Кажете ми каде може да добијам подетални информации?**

- Сите заинтересирани граѓани можат да вдомат бездомно куче од Стационарот „Вардариште“, од вторник до сабота, во терминот од 9 до 13 часот. Притоа, кучињата од најразлични раси и големини што се определени за вдомување на граѓаните им се отстапуваат третирани, стерилизирани, вакцинирани и без никаков паричен надоместок. Секој граѓанин што вдомува куче, мора да пополни формулар со своите податоци и да се обврзе дека ќе биде одговорен сопственик, почитувајќи ги постојните закони. За повеќе информации може да се обратите на телефонскиот број 02/5217171.

**Каде може да пријавиме дека нередовно се подигнува сметот од нашите канти и контејнери?**

- Поплаки за нередовно подигнување смет може да доставите до Градот Скопје, до Секторот за комунални работи на телефонските броеви 02/3297283 и 02/3297392. Може да се јавите и во јавното претпријатие „Комунална хигиена“ на дежурниот телефон 02/3216644, од 8 до 20 часот.

**Каде може да пријавиме кога автобусите на ЈСП и на приватните превозници не се придржуваат до возниот ред?**

- Системот за јавен превоз во Скопје е комбиниран и истиот го спроведуваат Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје и повеќе приватни компании. Сите тие имаат унифициран систем за наплата на билетите, како и официјално донесен возен ред до кој мора да се придржуваат. Доколку автобусите не се придржуваат до официјалниот возен ред граѓаните можат да пријават во Град Скопје, во Центарот за информации и упатување на граѓаните, на бројот 02/3297255 и во ЈСП во Оперативниот контролен центар на бројот 02/3173264.

**Каде може да добиеме подетални информации за проектот „Дрво за секое дете“?**

- Повеќе информации за овој проект може да добиете во Центарот за информации и упатување на граѓаните на телефонскиот број 02/3297255.

### СЕ ПЛАНИРААТ КАПИТАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

# ДВА НОВИ МОСТА ПРЕКУ ВАРДАР ЌЕ ГО ПОВРЗАТ ГРАДОТ И ЌЕ ГО ОЛЕСНАТ СООБРАЌАЈОТ

Изградбата на тунелите под скопската тврдина Кале со мост преку реката Вардар и продолжувањето на булеварот АСНОМ со мост преку Вардар, па низ населбата Ќерамидница, се меѓу капиталните проекти на кои периодов посветено работи Градот Скопје. Со реализацијата на овие два проекта ќе се стави крај на сообраќајниот метеж и директно ќе се поврзат јужниот и северниот дел од градот. Тоа за граѓаните ќе значи скратување на времето на патување и заштеда на гориво, а намалениот обем на сообраќај ќе значи и почист воздух во Скопје.

## ТУНЕЛИ ПОД ТВРДИНАТА КАЛЕ

Градот Скопје работи на подготовка на потребната документација за изведба на капиталниот градежен зафат „Тунелите под Кале“.

- Со подземни тунели под Кале и нов мост преку Вардар ќе ги споиме двете страни на Скопје. Голем дел од планираните транзитни и градски магистрали во градот не се реализирани, што претставува сериозна тешкотија за нормално одвивање на сообраќајот. Продолжувањето на булеварот Свети Климент Охридски, со мост над реката Вардар, со тунели под Скопското кале и поврзување со булеварот Никола Карев (Пластичарската улица) ќе ја зголеми мобилноста и протокот на возила и ќе има позитивни еколошки ефекти од намалената емисија на гасови и бучава – вели градоначалникот Шилегов.

Целта на Град Скопје со овој проект е да го поврзе булеварот Свети Климент Охридски со булеварот Никола Карев во Чаир. Булеварот ќе биде издигнат на височина од шест до девет метри. Потоа, од зградата на Владата на Република Македонија сообраќајот ќе се одвива по нов мост преку реката Вардар кој ќе биде долг 173 метри, а широк 20 метри, и ќе има четири сообраќајни ленти. Мостот ќе продолжува како вијадукт долг 262 метри се до влезот во тунелот под Калето. Скопје за прв пат ќе добие тунел долг 250 метри, а широк 20 метри. Од тунелот, сообраќајот ќе продолжува на кружен тек издигнат пет метри, над булеварот Никола Карев.

Овој капитален проект ќе се изведува во фази. Рутата ќе ја користат и автобусите на јавниот превоз.






## ПРОБИВАЊЕ НА БУЛЕВАРОТ АСНОМ СО НОВ МОСТ НА ВАРДАР



Со продолжување на булеварот АСНОМ покрај хотелот „Русија", со нов мост преку Вардар, низ населбата Ќерамидница, па се до раскрсницата кај сајмиште директно ќе се поврзат општините Аеродром и Гази Баба. Со проектот на кој работи Градот Скопје се планира пробивање на нов и реконструкција на постоен булевар со должина од околу два километра, нов мост со должина од 120 метри, крстосници, велопатеки во двете насоки, пешачки патеки и дрвореди. Новите коридори задолжително вклучуваат нови автобуски линии.
Градот Скопје периодов се подготвува за изведба на нови коловозни ленти на потегот од булеварот Србија до улицата Васко Карангелевски, што е прва фаза од овој проект. Се работи и на потребната документација за втората фаза од проектот – изградба на мост над реката Вардар и сообраќајница низ населбата Ќерамидница.

## ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ ВО НЕКОЛКУ ОПШТИНИ

Прввиот дел од новоизградената траса на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на потегот од крстосницата со булеварот Босна и Херцеговина до крстосницата со улицата Натанаил Кучевишки за сообраќај беше отворен во септември минатата година. Трасата на овој нов булевар во општината Бутел е долга 1.000 метри. Сообраќајницата има шест ленти, велосипедски и пешачки патеки и средишно зеленило. Во тек се градежните работи на вториот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош, кој се пробива на потегот од улицата Натанаил Кучевишки до обиколницата.
Екипите на Град Скопје работат и на изградба на новопроектираниот булевар Босна и Херцеговина, на потегот од раскрсницата со булеварот Словенија и улицата Македонско-косовска бригада до раскрсницата со улиците Бутелска и Кемал Сејфула. Булеварот ќе биде долг околу 1.400 метри и широк 40 метри. Ќе има по три коловозни ленти во двете насоки, 5 метри зелен појас во средината, странично зеленило, како и пешачки и велосипедски патеки.
Во октомври минатата година беше реконструирана улицата Антон Попов во Кисела Вода, на потегот од раскрсницата со улицата Павел Шатев до улицата Димо Хаџи Димов, на должина од 584 метри.



Булеварот Христијан Тодоровски Карпош

За да се зголеми безбедноста во сообраќајот, реконструиран е коловозот и на булеварот Партизански одреди во Влае. Градежните работи се изведуваа од мостот „Обединети нации" до кружниот тек во Влае, во должина од околу 850 метри.
Реконструирана е и улицата Ацо Шопов, во општината Карпош, на потегот од крстосницата со улицата Марк Твен до кружниот тек во Влае, на должина од 1.088 метри.

## УЛИЦАТА КАЈ ГРАДСКИ СТАДИОН ЌЕ ГО НОСИ ИМЕТО УЛИЦА СТОЛТЕНБЕРГОВА




Во знак на благодарност на Град Скопје и на скопјани за несебичната помош на норвешкиот дипломат Торвалд Столтенберг по катастрофалниот скопски земјотрес од 1963 година, улицата што ги поврзува Градскиот парк, Градскиот стадион и кејот на реката Вардар ќе го носи името „Улица Столтенбергова".
- Во годината кога ја одбележувавме 55-годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес, се збогувавме и со големиот пријател и почесен граѓанин на Скопје, Торвалд Столтенберг. Неговите заслуги во обновата на Скопје по катастрофалниот земјотрес од 1963 се огромни. Скопјани го паметат по изградбата на детската болница во Козле, којашто е донација на Кралствата Норвешка и Шведска, изградбата на норвешките бараки во Тафталиџе, како и координацијата на помошта на Норвешкиот Црвен крст што пристигала во првите денови по земјотресот. Торвалд Столтенберг направи многу за Скопје и за граѓаните на овој град, но она што го остави зад себе овој голем човек се мостовите на пријателство меѓу Македонија и Норвешка, изградени од солидарност и хуманост – вели градоначалникот Шилегов.

ГРАД СКОПЈЕ ЗА ПРВПАТ СЕ ВКЛУЧИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ОПШТИНСКО - КОРИСНА РАБОТА

# ГРАДИМЕ ОПШТЕСТВО БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА, СО ЕДНАКВИ ПРАВА И МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ

Градот Скопје изминатава есен за првпат ангажира 17 образовни асистенти кои работат со ученици со посебни образовни потреби или ученици со интелектуална попреченост во 9 средни училишта во Скопје, 5 персонални асистенти за лица со телесна попреченост и 5 негуватели на стари лица, во рамки на програмата за општинско-корисна работа. Лицата што се работно ангажирани припаѓаат на некоја од ранливите категории на население, вклучувајќи ги и корисниците на социјална помош. Тие беа избрани на јавен оглас што го распиша Градот Скопје во соработка со УНДП и Агенцијата за вработување.

Преку стручното оспособување и практичното искуство со кои се стекнуваат лицата кои се работно ангажирани Градот Скопје овозможува тие полесно да се вклучат на пазарот на трудот, а истовремено придонесува да се олеснат секојдневните пречки со кои се соочуваат лицата со посебни образовни потреби и интелектуална попреченост во средните училишта, лицата со телесна попреченост, како и старите лица на кои им е потребна нега. Град Скопје има цел да овозможи еднакви услови за живот за сите граѓани. Социјалната инклузија е неопходна за да изградиме општество без дискриминација, со еднакви права и можности, а вклучувањето на сите засегнати страни и релевантни институции во креирањето на локалните политики е клучна формула за реализација на потребите на граѓаните.

- Резултатите кои ги очекувавме и предвидовме на почетокот на проектните активности почнаа да се потврдуваат. Од оваа временска дистанца можеме да заклучиме дека сме направиле точна проценка на областите од социјалната сфера каде што е неопходно унапредување на услугите што може да ги реализира Град Скопје согласно со своите надлежности. Ангажманот на образовни и персонални асистенти и негуватели на стари и изнемоштени лица значи чекор напред во напорите за градење инклузивно општество, без дискриминација и со еднакви права



Јулија Граматикова-Лукиќ
Дипломиран професор по филозофија
Образовен асистент
во СУГС „Никола Карев“

„Како образовни асистенти ја имаме можноста директно да придонесеме за поквалитетен живот на лицата со посебни потреби. Да влијаеме на општествената свест, да ја неутрализираме стигматизацијата во заедницата за конечно да создадеме рамноправни индивидуи. Задоволството е големо кога на човек му се дава можност да го работи тоа што го сака и истовремено да биде двигател на инклузивното образование. Средношколците со посебни образовни потреби се соочуваат со потешкотии во совладување на наставната материја заради недоволно адаптирана настава на нивните потреби, недоволна помош од наставниот кадар во процесот на учење поради ограничените можности наставниците да работат само со овие лица, ограничени познавања во користење на соодветни механизми за помош при учење со овие ученици, особено начин на работа со различен тип на интелектуална попреченост. Ова е првиот предизвик со кој се соочуваат образовните асистенти. Паралелно на ова, се обидуваме да придонесеме и за поголема социјална вклученост на лицата имајќи предвид што во Град Скопје за првпат се спроведува ваков тип активности во средните училишта. Тимската работа со стручните лица од училиштето (дефектолози, психолози, педагози) и професорите е исклучително важна за успешна реализација на нашите активности.

Образовниот асистент во инклузивниот процес на образование придонесува за поквалитетно следење на наставата од учениците со посебни потреби, а придобивките се многу. Се олеснува совладувањето на наставниот материјал, кај ученикот се јавува чувство на припадност кон заедницата и на еден начин станува дел од образовниот систем, а не проблем.

Овој проект отвора многу можности за сите нас кои сме работно ангажирани од Град Скопје. Тоа е едниот аспект. Стекнуваме нови искуства и знаења, практикуваме вештини кои низ искуството сме ги совладале, ги надградуваме нашите професионални капацитети. Токму затоа ова искуство за мене претставува олеснување на патот до редовно вработување, но и можност за заработка. Бенефитот од ангажманот освен што се однесува на нас лично, јас како негувател на старо и изнемоштено лице многу повеќе значење давам на хуманата димензија. Да подадете рака и помош на старо и изнемоштено лице кое не може само да се грижи за себе, на кое му е неопходна помош во извршување на секојдневните лични обврски и потреби е хуманата компонента која ги задоволува и двете страни. Низ работата со овие лица придонесуваме за поуспешно функционирање на семејствата. Дополнително, за мене е исто така важна институционалната поддршка што ја добиваме од градот бидејќи свесноста на релевантните институции за социјалните потреби на луѓето се клучот за системско решавање на секојдневните предизвици.



Шемседин Адиловци
Негувател на стари и изнемоштени лица

и можности. Имајќи ги предвид придобивките за социјално ранливите категории на наши сограѓани преку давање и примање на услугите, можноста за работно ангажирање и финансиските придобивки, како локална власт имаме одговорност и обврска да поддржиме се што е во насока на поквалитетен живот во заедницата. Токму затоа, со новиот буџет на Градот предвидовме одржливост на овие активности со можност за проширување на обемот во иднина – објаснува Радица Тодоровска, општински координатор на проектот.

Освен финансискиот надоместок што ангажираните лица го добиваат согласно со Програмата, Градот Скопје обезбедува и бесплатно користење на јавниот градски превоз или користење велосипеди во согласност со интересот изразен поединечно од секое ангажирано лице.

Во продолжение ги пренесуваме размислувањата на асистентите Јулија Граматикова - Лукиќ, Шемседин Адиловци и Симона Чекова за предизвиците, за искуството и за значењето на инклузивноста во општеството.



Симона Чекова
Персонален асистент на лице со попреченост

Персоналниот асистент на лице со попреченост е еден од „градителите“ на инклузивно општество имајќи ја предвид улогата во креирање и реализирање на секојдневните активности на овие лица и нивното функционирање во актуелниот општествен контекст. Намалувајќи ја нивната зависност од семејството го зголемуваме нивото на самодоверба кај овие лица, се олеснува практичното функционирање, се унапредува комуникацијата со општеството.

Придобивките се и на наша страна, како персонални асистенти, на страна на корисниците и на општеството генерално. Се соочуваме со личните и семејни судбини на лицата кои се корисници, но целта на нашиот ангажман е да ја релаксираме состојбата во која се наоѓаат, да им го олесниме животот на лицата со попреченост и да помогнеме полесно да бидат прифатени од околината. Досегашното искуство покажува дека треба да се работи на покренување на јавната свест за инклузија во општеството, а ова е конкретна активност која очекувам да влијае на колективната свест.

Шансата која ја имаме како персонални асистенти во рамки на проектот на Град Скопје, УНДП и Агенцијата за вработување на Република Македонија, ни создава околности за наша професионална реализација и полесна интеграција во општествениот систем. Шесте месеци ангажман со лице со попреченост е доволно време за да заклучиме дека кога сите чинители во општеството се насочени кон остварување на единствена цел, резултатот е неизбежен. Задоволството на корисниците од овој проект е показател за тоа.

# „ВИНТЕРЛЕНД“ И „ПАРНИ ВАЉАК“ - СОВРШЕНА КОМБИНАЦИЈА ЗА МАГИЧЕН ПРЕЧЕК НА НОВАТА ГОДИНА



Со спектакуларен огномет и хитовите на „Парни ваљак“ скопјани ја испратија старата и ја пречекаа Новата 2019 година во новогодишната населба „Винтерленд“ на плоштадот „Македонија“. На 31 декември Градот Скопје и Македонски Телеком како генерален покровител подготвија незаборавна новогодишна забава со настапите на бендовите „Офкестра“ и „Парни ваљак“ во кои уживаа неколку илјади посетители.

Во пресрет на Новогодишните и Божикните празници на плоштадот „Македонија“ оваа зима за првпат никна новогодишната населба „Вин-









терленд“. Во неа имаше куќички украсени во зимски амбиент, катчиња за забава за најмладите, како и мала сцена на која се одржаа многубројни настани и концерти наменети за посетителите од сите возрасти. Во културно-забавната програма на „Винтерленд“ учествуваа Театарот за деца и младинци, Златно славејче, улични забавувачи, Волт Дизни маскоти, балетската и фолклорна секција од ДКЦ, хоровите од средните училишта на Град Скопје „Никола Карев“, „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Васил Антевски-Дрен“, „Панче Арсовски“, „Панче Караѓозов“,„Јосип Броз-Тито“ и„Орце Николов“, како и голем број дицеи и домашни музички ѕвезди.

Во центарот на новогодишната населба беше сместена новогодишна елка, а просторот околу неа беше организиран како дел за храна и за пијалаци, каде што граѓаните можеа да се дружат и да уживаат во понудата на околните куќички.





Вљубениците во зимските спортови, пак, добија можност бесплатно да се рекреираат на лизгалиштето „ЕУ за тебе“, а Градот Скопје и Хокеарската федерација овозможија бесплатни часови по лизгање за почетници. Новогодишната програма и „Винтерленд“ беа поддржани од Делегацијата на Европската Унија која го обезбеди лизгалиштето и ги поддржа настапите на средните училишта од Град Скопје во забавната програма.

Новогодишната населба „Винтерленд“ за граѓаните понуди вистинска новогодишна магија и празнична атмосфера по примерот на европските метрополи.

## ГРАДОТ СКОПЈЕ ГО ОДБЕЛЕЖА 13 НОЕМВРИ – ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО



# ГИ ИСПОЛНУВАМЕ ДОЛГОВИТЕ КОН ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ



На 13 ноември 2018 година Градот Скопје го одбележа Денот на ослободувањето и потсети на најзначајните случувања поврзани со неговото ослободување пред 74 години и со неговиот раст и развој до денес. Традиционално, делегации од земјава и од странство положија цвеќиња пред Споменикот на ослободителите, на платото пред Владата на Република Македонија. Цвеќиња положи и делегација на Град Скопје, предводена од градоначалникот Петре Шилегов.

- Денот на ослободувањето на Скопје има посебно место во срцата на секој од нас. Денес со гордост се сеќаваме и го славиме нашето богато и славно минато, но и ја потврдуваме нашата антифашистичка припадност. Така и овој 13 Ноември, вреди да се потсетиме колку тешко и скапо ни е платена слободата. Во ослободувањето на Скопје учествувале единиците на 12.бригада, 3.бригада, 8.бригада, на 42.дивизија, 50.дивизија, како и 16.бригада. И додека многу градови низ Европа ги ослободуваа странски војски, Скопје го ослободија нашите партизани. Тие успеаја да го победат окупаторот затоа што го бранеа својот град, својот дом, а има ли нешто посвето отколку да го жртвуваш животот за својот дом – рече пред присутните градоначалникот Шилегов.

Тој потсети дека во борбите за ослободување на Скопје загинале 398 борци.

- Изминатава година докажавме дека се грижиме за нашето наследство од НОБ: го возобновивме со години затворениот Музеј на илегалните работилници за оружје, ја почнавме постапката за подигање спомен-обележје на Кемал Сејфула, Сојузот на борци повторно доби свои простории, а соработката со Градскиот одбор на СОЗБНОВ е на највисоко ниво. Длабоко сум убеден дека со она што успеавме да го реализираме во изминатава година исполнивме барем дел од нашиот долг кон ослободителите. Нека ни е честит 13 Ноември, а вам драги борци, ви ветувам дека никогаш нема да го заборавиме вашиот влог за ова Скопје коешто го имаме денес – истакна Шилегов.



По повод Денот на ослободувањето цвеќиња беа положени и пред Споменикот на ослободителите на Скопје на Партизанските гробишта во „Бутел" и пред споменикот на генерал Михајло Апостолски на гробиштата „Бутел". Одбележувањето на овој значаен ден почна со традиционалната средба на градоначалникот Шилегов и претседателката на Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева, со претставници на Градскиот одбор на Сојузот на борци од НОАВМ, во Кабинетот на градоначалникот.

## ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ „13 НОЕМВРИ"

На свеченоста што се одржа во Македонската филхармонија градоначалникот Шилегов ги врачи наградите „13 Ноември" на годинешните добитници - нашите сограѓани коишто дале свој придонес за афирмација на Скопје. Добитници на наградата „13 Ноември" за 2018 година се: од областа на науката - МАРГАРИТА ЦАЦА НИКОЛОВСКА, судија; од областа на образованието и воспитанието - АЦИ ФИДА, професор во пензија; од областа на спортот - АНДРЕЈ СТОЈАНОВСКИ, пливач; од областа на културата - МАРКО КОЛОВСКИ, музиколог и РЕСУЛ ШАБАНИ, писател и книжевен преведувач; од областа на уметноста - РАМАДАН ШУКРИ, академски музичар; од областа на публицистиката - СЕФЕР ТАХИРИ, новинар; од областа на архитектурата - ДАНИЦА ПАВЛОВСКА – ЦИГИ, архитект; за правни лица - ЈЗУ ГЕРОНТОЛОШКИ ЗАВОД „13 НОЕМВРИ" СКОПЈЕ и ПРОТИВПОЖАРНАТА БРИГАДА НА ГРАД СКОПЈЕ; за ученици и студенти - АРДА МУСТАФАОГЛУ, МИЛА КОЦЕВСКА, СОФИЈА СТОЈМЕНОВА, НЕНА ГИЕВСКА, МАРИЈА ГАВРИЛОВИЌ, ПЕТАР ТОДОРОВСКИ И ВЕДРАН ЛАУРЕНЧИЌ.

Во чест на добитниците и по повод празникот на градот се одржа перформансот „Ослободување на Скопје во 7 поглавја" кој ги понесе присутните во Македонската филхармонија на патување низ најзначајните настани од поновата историја на нашиот град. Во фоајето на филхармонијата беше отворена и изложба на ликовните дела насликани на 14-та меѓународна ликовна колонија „Скопје 2018".

Неизоставен дел од одбележувањето на Денот на ослободувањето беа и многубројните рекреативни и спортски манифестации, како турнирот во карате „13 Ноември", велосипедското дефиле, меѓународниот џудо турнир „Миоки опен", меѓународниот младински турнир во борење, атлетската трка по улиците на Скопје и боксерскиот турнир „Златен гонг". Се одржаа и бесплатни едукативни тури „По стапките на ослободителите", во кои граѓаните и учениците во градските средни училишта имаа можност да се запознаат со клучните настани и локации поврзани со ослободувањето на градот.



# СКОПЈЕ ИДЕН КАНДИДАТ ЗА „ЕВРОПСКА ПРЕСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА“

Град Скопје има јасна намера да се кандидира за титулата на Европската комисија „Европска престолнина на културата“ за 2028 година. Поради тоа, Градот Скопје веќе формира експертска група која ќе собира искуства од други градови - престолнини на културата, за да се подготви што подобра апликација која ќе го одведе Скопје до оваа посакувана титула.

- Оваа апликација е доказ за нашите заложби за европски модерен град, каде што вистинските културни вредности ќе бидат на највисоко ниво. Сите активности на Градот во културата, како што е реновирањето на Универзална сала, ќе бидат насочени кон целта Скопје во 2028 година да биде европска престолнина на културата – вели градоначалникот Шилегов.

Речиси и да нема главен град во Европа којшто не бил кандидат за овој престижен статус, да се биде престолнина на културата не значи само богата програма на настани, туку и оживување на нови културни простори.

- Тоа е потврда на културната различност на Европа и илустрација за тоа како културата обединува и не знае за граници. Таа се повеќе зазема важно место во развојот на градовите и претставува двигател на урбаниот, социјалниот и економскиот развој. Искуството од досегашните европски престолнини на културата вели дека за секое вложено евро, Градот инкасира 8. Токму затоа, оваа титула ќе значи и зголемен број странски туристи, препознатливост и поголем развој. Годината 2028 ќе дојде набрзо и ќе помине, но она што овој град ќе го добие како наследство од сето тоа, ќе трае со години. Јас искрено верувам дека во 2028 година Скопје ќе биде Европска престолнина на културата и ќе се вброи во редот на Ливерпул, Даблин, Амстердам, Мадрид, Истанбул, Копенхаген – објаснува Шилегов.

Неодамна работната група го посети градот Пловдив, Бугарија и присуствуваше на манифестациите што се дел од нивната програма како Европска престолнина на културата за 2019 година.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР Лидија Антоновска

ФОТОГРАФИИ
Младен Богојевски, Зоран Шекеров

e-mail: gragjani@skopje.gov.mk

телефон: 3 297 255

Facebook: Град Скопје

Twitter: @CityofSkopje

Instagram: @gradskopje.oficijalna

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје

### 14. ИЗДАНИЕ НА „БЕЛА НОЌ“



## ПРВ ФЕСТИВАЛ НА СВЕТЛИНАТА НА БАЛКАНОТ

Четиринаесеттото издание на културната манифестација „Бела ноќ“, што се одржа на 6 октомври 2018 година, беше збогатено со фестивал на светлината - Skopje light art district. Фестивалот беше направен по теркот на најпознатите светски фестивали на светлината, а беше поддржан во рамките на РОК-проектот, проект на програмата на ЕУ – Хоризонт 2020. Фестивалот за граѓаните понуди 16 светлосни инсталации низ Старата скопска чаршија што ги подготвија домашни, но и еминентни странски уметници. Преку патека на светлината посетителите на чаршијата имаа можност да уживаат во несекојдневната игра на светлосните зраци кои ги оживеаја објектите во старото градско јадро.

Како дел од Бела ноќ се одржа и отворено кино на покривот на ГТЦ, Roller disco, а првпат годинава во програмата беа вклучени и средните училишта во Скопје.

## ИЗЛОЖБА ЗА СКОПЈЕ ВО АТИНА



Макети од објекти изградени по земјотресот во Скопје, фотографии и дел посветен на грчкиот архитект Константинос Доксијадис се само дел од она што можеа да го видат посетителите на атинскиот музеј „Бенаки“, на изложбата која што траеше до 17 февруари годинава, а е посветена на постземјотресно Скопје.
Проектот „Иднината како проект/Доксијадис во Скопје“, е заеднички напор на Калиопи Амигдалу и Костас Циамбаос од грчка и Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски и Владимир Десков од македонска страна, кои воедно се и куратори на изложбата. Идејата на тимот е да го обединат на едно место знаењето за Скопје и постземјотресната обнова, но и да се започне со културна и научна соработка, прва од ваков тип, меѓу двата главни града.
Изложбата е резултат на потпишаниот меморандум за соработка меѓу Скопје и Атина, по иницијатива на архитекти од Македонија и од Грција и со поддршка и во соработка со Грчкиот институт за архитектура, Музејот на град Скопје, Музејот „Бенаки“ од Атина, Град Скопје и Општина Атина.

## ЧОКОЛАДНА КУЌИЧКА РАДОСТ ЗА ДЕЦАТА ВО ЧАИР

Новата детска едукативна инсталација „Приказна за Јованче и Марика, барајќи го патот до домот ја наоѓаат чоколадната куќичка“ што во ноември минатата година беше поставена во паркот во Топанско Поле, општина Чаир, донесе радост за најмладите. Децата со нетрпение ја истражуваат чоколадната куќичка и си играат во новоуреденото детско катче.
Главната цел на овој проект на Град Скопје е преку облагородување на јавниот простор и збогатување на културните содржини на градот да се поттикне детската фантазија и игра и да се влијае врз развивањето на детската креативност.



## СЕПТЕМВРИСКИ КИНОПРОЕКЦИИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Убавата приказна на концептот „Градски летен парк“ што почна во јуни 2018 година со проекциите на отворено на „Исцелител“ и „Avec l'amour“, продолжи на 13 септември 2018 година, со проекција на еден од најпознатите филмови од режисерот Вуди Ален - „Ирационален човек“ („Irrational Man“).
Следната вечер на големото платно во Градскиот парк беше прикажан визуелно спектакуларниот филм „Големата убавина“ („La Grande Bellezza“) од италијанскиот режисер Паоло Сорентино.

## SKOPJE WINE EXPO

Фестивалот на виното „Вино Скоп“ изминатава есен се одржа со нов концепт, ново интернационално име „Skopje Wine Expo“, како и нови содржини за промоција и афирмација на македонските вина.





Зима во Градскиот парк